| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зеленчукот во пролет |
| **Содржина на денот** | Пчелка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за прошетките на чист воздух колку се важни за нашето здравје. |
| **Активности** | Обработка на песна Пчелка- Златно славејче 2013 година.<br>Се слуша музика во домот и песни познати од разни детски фестивали. Возрасниот заедно со детето ги пее песните. Се создава една пријатна и весела атмосфера во домот. Ворасниот според ритамот на музиката му покажува на детето и неколку едноставни движења за заедно да танцуваат. Потоа му објаснува за годишното време пролет,како се буди природата ,цветаат цвеќињата,птиците се враќаат од топлите кратишта,а исто така и животните се будат од зимски сон. Па предлага да се слуша песната Пчелка. Детето ја слуша песната , а возрасниот по слушањето му ги објаснува зборовите во песната. Последователно се слуша повторно неколку пати песната и возрасниот заедно со детето ја пеат. Откако детето ќе ја усвои песната се обидува и самостојно да ја пее.Тековно му се предлага на детето да појдат до блискиот парк или игралиште и да забележат дали има разнобојни цвеќиња и инсекти во тревата.<br><br>Во прилог линк од песната:<br>https://www.youtube.com/watch?v=wJC-Q80THfQ |